РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 - 1023 / 1

06 . 03 .2018 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14 и 27/16), а во врска со член 7 од Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/03, 15/07, 20/12 и 156/17), Шефот на канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија

**Член 1**

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија бр. 08-3205/1 од 21.10.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија бр. 08-328/1 од 8.2.2016 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија бр. 08-219/1 од 29.6.2017 година, во член 10-б, реден број „15. Посебен советник за информатичко општество“ се менува и гласи „15. Посебен советник за транспарентност и отчетност“.

Во истиот член, редниот број „19. Посебен советник за односи помеѓу верските заедници и религиозните групи“ се менува и гласи „19. Посебен советник за развој на мултикултурно општество, интеркултурализмот и интер-културните комуникации“.

**Член 2**

Табеларниот преглед на работните места во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија е составен дел на овој Правилник.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 08-1023/1

Скопје, 06.03.2018

ШЕФ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА

Мирјана Јанева